Center
of Excellence
in Finance

Методолошки водич за пресметка на трошоците за спроведување на структурните реформи

ВОДИЧ ЗА ТРОШОЦИТЕ НА СТРУКТУРНИТЕ РЕФОРМИ

Финансирано од Европската Унија

Имплементирано од Центарот за одличност во финансиите

Наодите, толкувањата и заклучоците придобиени во оваа публикација служат како отворен извор на информации и учење. Тоа не значи дека ги одразуваат мислењата на ЦЕФ или на Европската Унија. ЦЕФ не ја гарантира точноста на податоците коишто се објавени во оваа публикација, но направени се напори да се обезбеди најдобар можен квалитет во консултација со широк круг на експерти од многу области, во рамките на достапните ресурси и време.

I. Вовед

1.1. Основа и оправданост

Програмите за економски реформи (ПЕР), како и програмите изработени претходно, повеќе од две децении претставуваат главни документи на годишно ниво, изготвени од страна на земјите-кандидати за ЕУ и потенцијалните кандидати, и служат како основа за нивниот макроекономски дијалог со Европската унија. Вообичаено, во документите фокусот е на фискалните политики поради што предметот на структурните реформи примарно се гледа низ логиката на фискалните ефекти. Главната идеја секогаш е дека структурните реформи со значителни фискални резултати се добро интегрирани во среднорочната фискална рамка на земјата.

Фокусот на ПЕР врз структурните реформи и следствено врз нивниот трошок (или пошироко фискалните ефекти) драстично се зголеми од финансиската криза во 2008 година наваму, при што е во тесна врска со (i) изменетиот наратив за темата (структурните реформи како предуслов за одржлив економски раст и конкурентност, се претвори во прашање со висок приоритет) и (ii) променетата структура за управување со ПЕР во рамките на ЕК (претходно, Генералниот директорат за економски и финансиски прашања (DG EGFIN) беше одговорен за целиот документ; од пред неколку години, одговорноста ја поделија (DG EGFIN) (за макро и фискални поглавја) и Директоратот за соседство и преговори за проширување (GD NEAR) (за поглавјата на структурни реформи).

Структурните реформи и нивните фискални ефекти се сложено прашање. Во последниве години DG NEAR, со помош на ОЕЦД значително ја зајакна методолошката рамка за поглавјето за структурни реформи на ПЕР. Водичот на Европската комисија за ПЕР сега дава многу појасни насоки за дефинирање на структурните реформи, како и за областите на структурни реформи и приоритетните мерки за истите. Со помош на ОЕЦД, на земјите од регионот им беа обезбедени методолошки алатки за проценка на пречките за раст, артикулирање и приоретизирање на мерките за реформска политика, како и за следење на нивната примена.

Пред 2018 година, методолошкиот водич на Европската комисија за ПЕР не содржеше доволно објасувања во однос на мерењето на фискалните ефекти на структурните реформи, додека техничката помош од страна на TAIEX на оваа тема, без претходно да има заедничка методолошка рамка, само делумно одговори на ова прашање. Во овие

околности, ЕУ земјите-кандидатки и потенцијалните кандидати се соочуваа со различни предизвици за тоа како да ги одредат трошоците за мерките за индивидуалните структурни реформи и ограниченият капацитет во ресорните министерства за решавање на темата.

За да се решат ограничувањата на претходните водичи за ПЕР за мерење на фискалните импликации на структурните реформи, Европската комисија значително го надгради овој сегмент во Водичот за подготовка на ПЕР во 2018 година. Со придонес од ЦЕФ, Водичот на Европската комисија за ПЕР 2019-2021 воведе редизајнирана и методолошки зајакната рамка за трошокот на мерките за структурна политика, како и за нивно финансирање. Во **Анекс 1** може да се види како е подобрен методолошкиот водич за мерење на фискалните ефекти на структурните реформи во рамките на ПЕР со подобрената рамка.

1.2. Цели на документот (и негови ограничувања)

Главната цел *на Методолошкиот водич за пресметка на трошоците на структурните реформи во ПЕР (Водич за трошоците на структурните реформи)* е да се подобри целокупниот квалитет на поглавјето на структурните реформи на ПЕР преку обезбедување конзистентна и лесна рамка за корисниците за трошоците на мерките за структурни реформи.

Поконкретно, Водичот за трошоците на структурните реформи има **две цели:**

- да ги истакне клучните концептуални карактеристики на редизајнираната и методолошки зајакнатата рамка за мерење на трошоците за мерките за структурни реформи во рамките на ПЕР и
- да даде конзистентни и корисни упатства за квантификација на трошоците на мерките за структурните реформи што треба да ги пресметаат земјите-кандидатки за ЕУ и потенцијалните кандидати како составен дел од нивните поглавја за структурни реформи во рамките на ПЕР.

Потребно е да се потенцира дека Водичот за трошоците на структурните реформи се однесува исклучиво на трошоците за мерките за структурните реформи и изворите на нивното финансирање преку јавно финансирање. Водичот не се однесува на проблемот на јасно изразување на мерките за структурни реформи или нивните приоритети. Искуствата со подготовките на ПЕР од претходните години, јасно укажуваат дека ако суштината на мерките за структурни реформи поради некоја причина не била претставена на доволно добар начин, тогаш и нивниот трошок може да се одреди само

на неквалитетен и нецелосен начин или воопшто не може да се направи. Трошокот на мерка за структур реформа е само последна фаза од еден процес заснован на голема вклученост на линиското министерство. На тоа мора да му претходи фаза во која мерката за реформа не само што е идентификувана, туку е и добро артикулирана и елаборирана во однос на целите, активностите и инпутите потребни за нејзино спроведување.

1.3. Процес на подготовка на документи, нивната методологија и извори на информации

Водичот за трошоците се заснова целосно во согласност со Водичот на Европската комисија за ПЕР 2019-2021 и е подготвено под покровителство на ЦЕФ, во рамките на повеќегодишниот и многу корисниот ИПА проект *Зајакнување на капацитетите на министерствата за процена на фискалните ефекти на структурните реформи (FISR).* Тој беше подготвен на почетокот на 2019 година од страна на Експертската советодавна група на проектот и содржи повратни информации од јавните службеници и експертите од земјите-корисници на проектот, кои учествуваа на *Обуката за обучувачи и олеснувачи*, спроведен од ЦЕФ што се одржа во Бохињска Бистрица, Словенија од 19 до 21 март 2019 година.

Клучните методолошки инпути користени при подготовка овиј Водич се (по хронолошки редослед):

- Пресметка на трошоците на структурните реформи во рамките на Националната програма за хармонизација и имплементација на acquis communautaire законодавството во Црна Гора (2013),
- *Проценка за фискалното влијание на структурните реформи (FIASR)* Проект на CEF (2013),
- Пресметка на трошоците на структурните реформи во рамките на Националната програма за усвојување на acquis communautaire законодавството во Србија (2014 и 2017 година),
- Пресметка на трошоците на структурните реформи во рамките на Националната стратегија за развој на Косово* (2017) и
- Упатство за пресметка на трошоците за реформите во јавната администрација од RESPA (2017)

* Оваа ознака не е во спротивност со ставовите за статусот и е во согласност со УНСЦ 1244 и мислењето на МСП за косовската декларација за независност.

1.4. Структура на документот

Документот се состои од вовед, две главни поглавја и анекси. Едното поглавје ги прикажува главните концептуални карактеристики на Водичот за трошоците, додека другото дава детално упатство за пополнување на табелите на Водичот на Европската комисија за ПЕР, кои се насочени прво кон квантификација на трошоците на мерките за структурни реформи, и второ во идентификација на извори на финансирање за покривање на овие трошоци (Табели 10а и 10б во рамките на Водичот на Европската комисија за ПЕР).

На главниот текст на Водичот за трошоци му се додадени неколку анекси.

- Анекс 1 содржи информации за тоа како трошоците за мерките за структурни реформи во рамките на ПЕР беа одредувани во минатото и нивните слабости.
- Анекс 2 е образец за стандардизирани цени што можат да се користат за квантификација на трошоците на мерките за структурни реформи.
- Анекс 3 дава детални упатства за пристапот од долу-нагоре кон трошоците што се потребни за пополнување на Табела 10а според Водичот на Европската комисија за ПЕР.
- Анекс 4 дава подетално објаснување за она што се подразбира под терминот „средства кои треба да бидат реално обезбедени“ што треба да се примени при пополнувањето на Табелата 10б под Водичот на Европската комисија за ПЕР.
- Анекс 5 претставува избор на студии на случај за трошоците за структурните реформи, подготвени од страна на експертската советодавна група на ФИСР и дискутирани на семинарот на CEF Обука за обучувачи и олеснувачи, одржана во март 2019 година.

II. Концептуални карактеристики врз кои се темели Водичот за трошоци

Основната цел на ова поглавје е да стави акцент врз клучните концептуални карактеристики на редизајнираниот и методолошки зајакнат пристап за мерење на трошоците за мерките за структурни реформи во ПЕР и идентификување на финансиските извори за нивно финансирање. Овие „нови“ карактеристики се претставени на начин којшто е во спротивност на соодветните „стари“ карактеристики.

Постојат неколку важни концептуални карактеристики во кои „новиот“ пристап на Водичот на Европската комисија за ПЕР кон трошоците на мерките за структурни реформи и нивното финансирање е значително различно од концептот пред 2018 година (види **Анекс 1**, за главните прашања и нејаснотии од насоките пред 2018 година). Главните карактеристики на овој „нов“ пристап претставен во Водичот за трошоците се следниве:

- **Фокус само на трошоците на мерките за структурни реформи:** За разлика од насоките пред 2018 година, засновани на прилично нејасен концепт за фискални влијанија на структурните реформи што де факто се однесува на обете страни на јавните финансии, т.е. нивните трошоци, како и приходите, во Водичот за трошоци фокусот е јасно ставен на трошокот на мерките за структурни реформи, така што приходите на јавните финансии не се опфатени со овој Водич или поточно, само делумно се опфатени.
- **Фокус само на дополнителните трошоци на мерките за структурни реформи:** За разлика од насоките пред 2018 година, каде што не беше јасно кои трошоци на мерките за структурни реформи треба да се пресметаат, Водичот за трошоците се однесува исклучиво на дополнителните трошоци на структурните реформски

мерки, т.е. на трошоците што се дополнителни во околности каде не би се вовела оваа мерка. Затоа Водичот не е наменет за пресметување на вкупните трошоци на структурните реформски мерки, но само на оние трошоци кои се дополнителни на сценарио на статус кво и одредени според основната година на реформи. Основна година секогаш претставува годината пред која била воведена приоритетната мерка за реформи.

- **Фокус врз директните, фискални ефекти само од прво ниво на мерките за структурни реформи:** За разлика од упатствата пред 2018, кадешто беше прилично нејасно кој вид на ефекти треба да се пресметаат, Водичот за трошоците се фокусира јасно и исклучиво на директните, фискални ефекти од прво ниво на мерките за структурна политика што се воведени. Затоа, Водичот за трошоците не ги опфаќа индиректните, секундарни фискални ефекти на мерките за структурни реформи, односно ефектите што придонесуваат за повисок економски раст и следствено, на поголем обем на приходите од јавните финансии или ефектите што придонесуваат за намалување на невработеноста, а со тоа и на намалување на расходите за социјални придобивки. Овие ефекти несомнено се важни, но тие треба да се решат во рамките на ПЕР преку сценарија засновани врз структурни реформи во макроекономските проекции и последователно во фискални сценарија.
- **Систематска класификација на трошоците во рамките на мерките за структурни реформи:** За разлика од насоките пред 2018 без класификација на трошоците, Водичот на Европската комисија за ПЕР воведува „нов“ пристап и образец (Табела 10а од овој Водич) со класификација на трошоците за конвенционално договорените подгрупи. Водичот за трошоците содржи детална методолошка рамка за пополнување на табелата (види Поглавје III), како и табела за ориентација со стандардизирани цени за избрани ставки за трошоци.
- **Систематска класификација на изворите за финансирање на мерките за структурни реформи:** За разлика од насоките пред 2018 година, каде што финансирањето на мерките за структурни реформи се правеше помалку прецизно, Водичот на Европската комисија за ПЕР според „новиот“ пристап се осврнува на ова многу посистематски, со употреба на образец - табела (Табела 10б во Водичот), во која се прикажани изворите на финансирање предвидени за секоја индивидуална мерка за структурни реформи. Водичот за трошоци содржи детална методолошка рамка за пополнување на табелата (види Поглавје III). Сите можни извори на јавни финансии, не само централниот буџет, можат да се искористат за финансирање на мерки за структурни реформи.

III. Инструкции за пополнување на образец - табелите 10а и 10б од ПЕР во однос на пресметка на трошоците на мерките за структурни реформи и нивното финансирање

Водичот за ПЕР на Европската комисија содржи две табели кои се поврзани со трошоците на мерките за структурните реформи, артикулирани во рамките на *Поглавјето V* од ПЕР. Првата табела, Табела 10а е насочена кон трошоците за засебните мерки на структурни реформи, артикулирана од властите на земјата-кандидат за ЕУ или потенцијален кандидат во текот на три години во рамките на ПЕР. Втората табела, Табела 10б дава преглед на извори на јавни финансии од кои се планира да се финансираат трошоците за мерката кои се квантифицирани во претходната табела.

Основната цел на ова поглавје е да обезбеди конзистентни инструкции за корисникот за пополнување на двете табели. Поглавјето започнува со методолошки упатства како да се пополни табелата за пресметка на трошоци за предложените мерки за структурни реформи (Табела 10а) и продолжува со методолошки упатства за пополнување на табелата за финансирање на овие мерки (Табела 10б).

За секоја од мерките за структурна политика која е вклучена во ПЕР, од земјата-кандидат за ЕУ или потенцијалниот кандидат се очекува да ги пополни и двете табели: една за пресметка на трошоците на мерката (Табела 10а) и друга за нејзино финансирање (Табела 10б). Табелите треба да бидат пополнети во евра.

3.1. Методолошки упатства за пополнување на табелата за Пресметка на трошоците на мерките за структурни реформи (Табела 10а)

Методолошките упатства за пополнување на Табелата 10а се поделени во две групи. Првата група ги прикажува главните концептуални карактеристики на трошоците поврзани со мерките за структурни реформи што треба да се интегрираат во табелата. Тие го вклучуваат следново (во голема мерка претставено во Поглавјето II од овој Водич:

- **Само дополнителните трошоци во однос на главната година може да се вклучени во табелата:** Ова значи дека трошоци кои треба да се вклучат во табелата се само оние трошоци кои се дополнителни во однос на статус кво состојбата, т.е. на состојбата без да постои мерката на структурна реформа. Дополнителните трошоци треба да се мерат во однос на главната година, која секогаш е последната година пред годината во која е воведена мерката на приоритетните реформи. Годината што се зема како основна година за мерката за структурни реформи треба да биде наведена во фуснотата на табелата.
- **Регистрација на „дополнителни трошоци“ во табелата:** Во случај кога вкупните трошоци поврзани со спроведување на мерката на структурна реформа во која било од трите години опфатени со ПЕР се повисоки отколку во основната година, овие „дополнителни трошоци“ треба да бидат регистрирани во табелата со позитивен знак. Во случај кога вкупните трошоци поврзани со спроведувањето на структурната реформа во која било од трите години опфатени со ПЕР се пониски отколку во основната година, овие „заштеди на трошоците“ треба да бидат запишани во табелата со негативен предзнак. На пример, ако вкупните трошоци на мерката за структурна реформа во основната година биле 100 и вкупните трошоци за оваа мерка во првата година според ПЕР (година X) се планира да бидат 70, тогаш во Табела 10а за годината X треба да се забележи -30 (минус 30).
- **Само директните трошоци од прво ниво треба да бидат вклучени во табелата:** Ова значи дека во табелата треба да бидат вклучени само оние дополнителни трошоци што се предизвикани директно со имплементацијата на мерката за

структурна реформа (затоа тие претставуваат трошоци од прво ниво). Во случај спроведувањето на мерката за структурна реформа да не вклучува дополнителни трошоци, тогаш сите празни места во табелата треба да бидат пополнети со „0“ (нула). Доколку мерката за структурна реформа генерира импликации од прво ниво на страната на приходите на јавните финансии (на пр. зголемување на буџетските приходи или зголемување на придонесите за пензискиот фонд), ова треба да се објасни и квантифицира во фуснота под табелата.

- **Меѓународно прифатена класификација применета за класифицирање на трошоците:** Иако постојат разлики меѓу различни земји од регионот во однос на класификацијата на расходите за јавни финансии, класификацијата на овие расходи на четири главни категории на трошоци - „плати“, „стоки и услуги“, „субвенции и трансфери“ и „капитални расходи“ е општо прифатена меѓународна класификација.

Втората група на методолошки упатства дава објаснување за секој оддел на табелата 10а од Водичот на Европската комисија за ПЕР, претставено подолу.

ПЕР Табела 10а: Трошоци за мерките за структурни реформи:
(ИМЕ НА МЕРКАТА) (во ЕУР) (Пополнете една по реформа)

Година	Плати	Стоки и услуги	Субвенции и трансфери	Капитални расходи	Вкупно
Година X					
Година X + 1					
Година X + 2					

- **„Година“:** Категоријата прави разлика помеѓу трите години во ПЕР, имено година X, година X + 1 и година X + 2. Година X е прва година од периодот од ПЕР. Во случај на ПЕР за периодот 2019-2021 година, годината X е 2019 година. Главната година според која се пресметуваат дополнителните трошоци е секогаш последната година пред годината во која била воведена мерката за приоритетна реформа (види **Анекс 5**, за разни случаи). Годината што се зема како основна година за мерката за структурни реформи треба да биде наведена во фуснотата на табелата.
- **„Плати“:** Категоријата е составена од трошоци за плати што треба да се исплатат за ангажирање дополнителен персонал што е потребен за спроведување на мерката

на структурни реформи. Во предвидувањето на трошоците за дополнителниот персонал треба да се земат предвид не само бројот на нови вработени, туку и нивните квалификации, како и зголемувањето на платите за постојните членови на персоналот. Препорачливо е да се применат стандардизирани плати за различни категории на нови членови на вработени. (Види **Анекс2**).

- **„Стоки и услуги“:** Категоријата е составена од следниве под-категории на трошоци: (i) обука, (ii) експертиза, (iii) канцелариска опрема, и (iv) комунални услуги (изнајмување, електрична енергија, патувања). Препорачливо е да се применат стандардизирани трошоци за онолку под-категории на стоки и услуги колку што е можно (види **Анекс 2**). Доколку стандардизираните трошоци не се достапни или соодветни, треба да се примени експертско мислење.
- **„Субвенции и трансфери“:** Категоријата вклучува различни видови субвенции и трансфери што корисниците на мерката можат да ги добијат (на пр. износот на субвенциите што треба да се обезбедат за земјоделските домаќинства или иновативните претпријатија, или износот на дополнителни трансфери што им се даваат на корисниците на мерки за вработување или социјална заштита). Потребно е експертско мислење за пресметување на оваа категорија на трошоци.
- **„Капитални расходи“:** Категоријата вклучува капитални расходи поврзани со спроведување на мерката за структурната реформа. За пресметување на предвидените расходи во оваа категорија на трошоци треба да се користи експертско мислење.
- **„Вкупно“:** Оваа категорија е збир од горенаведените четири категории.

Ако мерката е составена од повеќе активности, треба да се подготви под-табела и секоја од нив треба да претставува инпут за вкупната табела, којашто го покажува целиот трошок на мерката за структурната реформа. Овие под-табели не мора да бидат вклучени во ПЕР. Според оваа инструкција од Водичот за ПЕР треба да го користиме пристапот оддолу-нагоре за трошоците. Овој пристап и неговите ограничувања се објаснети во **Анекс 3.**

3.2. Методолошко упатство за пополнување на Табелата за финансирање на мерките за структурни реформи (Табела 10б)

Слично како и во потточка 3.1, методолошките упатства за пополнување на Табелата 10б се поделени во две групи. Првата ги прикажува главните концептуални карактеристики на изворите на финансирање што треба да се искористат за трошоците за финансирање

квантифицирани во Табела 10а. Овие карактеристики го содржат следново (пошироко претставено во Поглавје II погоре):

- **Сите извори на јавни финансии треба да бидат вклучени во табелата:** Сите домашни и странски извори на јавни финансии, а не само фондовите на централниот буџет, би можеле да бидат искористени за трошоците за финансирање на мерка за структурна реформа квантифицирана во Табела 10а.
- **Меѓународната прифатена класификација за класификација на изворите на финансирање треба да се примени во табелата:** Сите расположиви извори на финансирање, домашни, како и меѓународни би можеле да бидат искористени за финансирање на трошоците за мерка на структурна реформа, квантифицирана во Табела 10а (пошироко претставена во Поглавје II погоре).
- **Исплатите треба да се внесат во табелата:** Планираните исплати на средства, а не обврските, треба да бидат внесени во табелата за соодветните категории на извори на финансирање.

Втората група на методолошки упатства дава објаснување за секој одделен наслов од Табела 10б од Водичот на Европската комисија за ПЕР, претставено подолу.

ПЕР Табела 10б: Финансирање на мерките на структурни реформи:
(ИМЕ НА МЕРКИТЕ) (во евра) (Пополнете една по реформа)

Година	Централен буџет	Локален буџет	Други национални и јавни извори на финансии	ИПА фондови	Други донации	Заеми за проекти	Дополнително да се одреди	Вкупно
Година X								
Година X + 1								
Година X + 2								

- **„Година“:** Категоријата има исто значење како во Табела 10а. Затоа, се прави разлика помеѓу три години кај ПЕР, имено година X, година X + 1 и година X + 2. Годината X е прва година од периодот на ПЕР. Во случај на ПЕР за периодот 2019-2021 година, годината X значи 2019 година. Основната година е секогаш последната

година пред годината во која била воведена мерката за приоритетна реформа (види **Анекс 5**, за различни случаи). Годината што се зема како основна година за мерката за структурни реформи треба да биде наведена во фуснотата на табелата.

- **Централен буџет“:** Оваа категорија содржи средства кои треба да бидат реално обезбедени (исплатени) од централниот буџет или од јавните приходи, или од финансиски заеми. За годината X, средствата се всушност достапни според буџетот усвоен за оваа година.
- **„Локални буџети“:** Оваа категорија содржи средства кои треба реално да се обезбедат (исплатат) од буџетите на под-национално ниво: на регионално ниво и/ или локално ниво.
- **„Други национални извори на јавни финансии“:** Оваа категоријата содржи средства кои треба реално да се обезбедат (исплатуваат) од други национални извори на јавни финансии (освен приходите од централниот и локалниот буџет), како што се придонеси за здравствениот фонд или пензиските фондови или инвестиции финансирани од јавни претпријатија.
- **„ИПА фондови“:** Оваа категорија содржи средства кои треба реално да бидат обезбедени (исплатени) од ИПА фондовите.
- **„Други донации“:** Оваа категорија содржи средства кои треба да бидат реално обезбедени (исплатени) во форма на донации од сите мултилатерални и билатерални донатори; категоријата ги исклучува ИПА-фондовите.
- **„Заеми за проекти“:** Оваа категорија содржи средства кои треба реално да бидат обезбедени (исплатени) од странски мултилатерални и билатерални заемодаватели во форма на заеми за проекти. Како што е објаснето погоре под „Централен буџет“, финансиските заеми се вклучени во таа категорија.
- **„Дополнително да се утврди“:** Категоријата го изразува делот на средства потребни за спроведување на соодветната мерка на структурна политика, но за кои изворот (изворите) на финансирање треба да бидат дополнително утврдени. Категоријата треба да се пресмета како остаток помеѓу категоријата „Вкупно“ и збирот на категории за сите веќе познати извори на финансирање за однос на мерката за структурна политика.
- **„Вкупно“:** Категоријата е збир на горенаведените седум категории и мора да биде еднаква на категоријата „Вкупно“ во Табела 10a за секоја соодветна година.

Според инструкциите табелата треба да содржи само средства кои реално ќе бидат обезбедени. **Анекс 4** дава збир на едноставни правила за тоа што треба да се смета како „реално обезбедени средства“ со цел да се намали субјективноста и разликите во мерките.

АНЕКСИ

Анекс 1:
Предизвици со кои се соочуваме пред 2018 година при квантифицирањето на мерките за структурни реформи во рамките на ПЕР

Пред 2018 година, авторите на ПЕР се соочуваа со различни предизвици при подготовката на специфичниот дел од документот, кој се однесува на квантификација на фискалните ефекти на структурните реформи, вклучувајќи ги и следниве:

- **Дали пресметката треба да се фокусира на тесно дефинирани буџетски влијанија или на пошироко дефинирани влијанија врз јавните финансии** (т.е. дали пресметката треба да се фокусира исклучиво на влијанијата врз националниот и локалниот буџет или, исто така и на другите сегменти на владините финансии, како што се здравствените фондови, пензиските фондови, итн.)?
- **Дали пресметката треба да се ограничи само на директните влијанија или треба да се земат во предвид и индиректните?** (Иако во Водичот на Европската комисија за ПЕР во фуснотата на соодветната табела е објаснето дека треба да бидат вклучени само директни, ефекти од прво ниво, изработувачите на ПЕР понекогаш во табелата ги вклучува и индиректните ефекти од втор степен, во форма на зголемени приходи како резултат на повисок економски раст.)
- **Дали пресметката треба да се однесува на влијанијата врз приходната и расходната страна од буџетот или само на расходната?** (Водичот на Европската комисија за ПЕР се однесува и на двете, но во пракса поголемиот дел од ефектите од прво ниво на мерките за структурни реформи влијаат на зголемување на расходите. Доколку тоа е случај, тогаш би било посоодветно целата задача за пресметување да се нарече „трошок на мерките за структурни реформи“ наместо „фискални влијанија на мерките за структурни реформи“.)
- **Кои трошоци треба да бидат предмет на пресметка?** (во Водичот на Европската комисија за ПЕР не е разјаснето кои трошоци треба да се пресметаат: вкупните трошоци или само дополнителните трошоци, т.е. разликата помеѓу вкупните трошоци

на една политика или само на програма којашто веќе е воспоставена плус трошокот на предложената нова мерка (реформата на споменатата политика или програма), или само дополнителните трошоци за новата мерка.)

- **Дали треба да се вклучат намалувања на трошоците и даночните расходи? Ако да, како да се направи тоа?** (Не е разјаснето како да се прикажат ефектите од реформата што доведува до намалување на буџетските трошоци, на пр. реформа на јавните претпријатија, или како да се претстават ефектите од реформата што резултира во намалени приходи, на пр. даночно ослободување за инвестиции во истражување и развој.)
- **Како вонбуџетските извори да се интегрираат во табелата?** (Донациите/ заемите од проекти би требало да бидат интегрирани во националниот буџет, но искуствата покажуваат дека тоа не е секогаш случај.)
- **Кој износ за вонбуџетските извори на финансирање треба да бидат прикажани во табелата** (обврски или предвидени исплати; за проектите како целина или на годишно ниво)?

ЗАБЕЛЕШКИ

Анекс 2:
Ориентационен образец на Табела за стандардизирани цени што можат да се користат за кванитифицирање на трошоците на мерките за структурни реформи според ПЕР

Во подготовката на Табела 10а, земјата-кандидат може да изработи своја табела за стандардизирани цени по единица, за избрани категории на трошоци. Следниот образец е предвидено да се користи како општа ориентација за подготовка на табели за стандардизирани трошоци, специфични за секоја земја. Изразувањето на трошоците за мерките за структурни реформи (коишто треба да бидат вклучени во Табела 10а) врз основа на примената на стандардизирани трошоци, се очекува значително да ја подобри конзистентноста на податоците за трошоците во ресорните министерства, како и целокупната транспарентност на процесот.

Категорија	Единица мерка	Цена
1. Плати		
• Високо ниво	месец	
• Средно ниво	месец	
• Почетно ниво	месец	
2. Добра и услуги		
• Обуки		
— Странство	лице/година	
— Во државата	лице/година	
• Канцелариска опрема		
— Локална	лице/ден	
— Меѓународна	лице/ден	
• Канцелариска опрема	лице/ден	
• Комуналии	лице/ден	

Во образецот на табела треба да се дадат информации барем за следниве две категории на трошоци:

- **„Плати“:** препорачливо е да се применуваат стандардизирани износи за исплата на плати на различни категории на персонал, класифицирани според нивната старост (персонал на почетно ниво, персонал на средно ниво и персонал на повисоко ниво / ниво на управување).
- **„Стоки и услуги“:** Препорачливо е да се применат стандардизирани трошоци за што е можно повеќе под-категории на „стоки и услуги“. Најлогичните под-категории соодветни за стандардизација на трошоците се трошоците за: (i) канцелариска опрема, (ii) комунални услуги, (iii) разни видови обуки (во земјата и странство), (iv) и експертиза (локална и меѓународна).

Трошоците за преостанатите две категории на трошоци - „субвенции и трансфери“ и „капитални расходи“, какви што се сами по себе, поретко се одредуваат преку пристапот на „стандардизирана цена“, па во најголем дел ќе се одредуваат врз основа на стручна експертиза.

ЗАБЕЛЕШКИ

Анекс 3:
Пристап од долу-нагоре при пресметка на трошоците

Водичот за ПЕР за пополнување на табелата за трошоци 10а ја содржи следнава инструкција:

Ако мерката е составена од повеќе активности, треба да се подготви под-табела за секоја од нив како инпут во целосната табела што покажува колкав е трошокот на мерката за структурни реформи како целина. Овие под-табели не мора да бидат вклучени во ПЕР.

Мерките за ПЕР обично се состојат од неколку активности што траат над 2 или 3 години. Наведената инструкција строго препорачува дека треба да се користи пристапот оддолу-нагоре за трошокот на мерките. Овој пристап значи дека секоја активност прво треба да се одработи одделно, а потоа вкупниот трошок на мерката треба да се пресмета како збир на трошоците за сите активности.

Следната табела може да се користи за пресметка на трошоци според пристапот оддолу- нагоре:

Пресметка на трошоци за мерката x (кратко име на мерката) (во ЕУР)					
Година	**Плати**	**Стоки и услуги**	**Субвенции и трансфери**	**Капитални расходи**	**Вкупно**
Активност 1 (краток опис)					
X					
X+1					
X+2					
Активност 2 (краток опис)					
X					
X+1					
X+2					

Активност 3 (краток опис)					
X					
X+1					
X+2					
Продолжува за сите активности во врска со мерката					
Вкупен трошок за мерката x					
X	збир	збир	збир	збир	збир
X+1	збир	збир	збир	збир	збир
X+2	збир	збир	збир	збир	збир

Откако табелата е завршена, записите во последните три реда (вкупните трошоци на мерката) може да бидат копирани во Анексот на Табела 10а на ПЕР.

Со цел правилно и целосно да се проценат трошоците пред да бидат внесени во табелата, трошоците според пристапот оддолу- нагоре мора да продолжат во три последователни чекори.

Првиот чекор е да ги претставиме активностите што е можно попрецизно и појасно. Идеално, како најдобра практика, секоја активност треба да биде јасно дефинирана во однос на очекуваните или целните резултати (испорачливи производи или резултати). Резултати се директните производи од спроведувањето на активноста. Секогаш кога е можно, резултатите треба да бидат изразени во квантитативни термини. На пример, типични резултати од активностите се:

- подготвени и одобрени законски акти и документи за политики (на пример: нов, изменет или поедноставен закон, регулатива, инструкции, стратегија, нови наставни програми за училиштата, итн.)
- создадени нови или завршени постојни административни бази на податоци (на пример: регистар на земјиште, регистар на корисници на социјална помош, итн.)
- создадени нови ИТ системи во самото работење (на пример: систем за е-набавки, портал за е-услуги на владата, информациски систем за образование, пазар на труд и социјални политики итн.)
- испорачани обуки (на пример: број на обуки, број на обучени лица)

- услуги за поддршка на претпријатија (на пример: број на поддржани претпријатија, збир на денови за советување)
- нови субвенции и донации исплатени на мали и средни претпријатија (МСП), земјоделски стопанства, истражувачки институции, студенти или други корисници (на пример: број на корисници, вкупна вредност на исплатените субвенции)
- услуги за поддршка на лицата кои бараат работа (на пример: број на корисници на активни мерки на пазарот на трудот)
- нови трансфери обезбедени за корисници на социјална помош, невработени, студенти или други корисници (на пример: број на корисници, зголемување на вредноста на дадените надоместоци)
- изградени физички објекти (на пример: покривање на новата широкопојасна мрежа, должина на новиот гасовод или електрична линија за поврзување, површина на земјиште под новоизградениот систем за наводнување)

Вториот чекор во трошоците според пристапот од долу-нагоре е да се проценат влезните елементи кои ќе бидат потребни за да се достигне очекуваниот резултат од секоја активност. Колку детално ќе се планираат овие влезни елементи ќе зависи од природата на активноста. За законодавни и административни резултати, клучното прашање е дали тие можат да бидат изработени од страна на постојниот кадар или пак ќе бидат потребни нови вработувања или надворешна техничка помош. За мерките за поддршка (субвенции, донации, трансфери, мерки на пазарот на трудот, обуки и услуги за поддршка на бизнисот), клучно прашање треба да биде, колку од овие различни видови на поддршка се потребни за да имаат значајно влијание во реалноста. Физичките објекти и ИКТ системите честопати се неделива целина, чијшто трошок најдобро може да се процени во целост, но изградбата, а со тоа и трошоците, може да се распределат во текот на неколку години, понекогаш и надвор од тригодишниот период на ПЕР.

Конечниот чекор за одредување на трошоците според пристапот оддолу-нагоре е да се проценат трошоците за потребните влезни елементи за секоја активност. Се препорачува колку што е можно повеќе инпути да се пресметаат врз основа на унифицирани референтни цени, што овозможува споредливост на трошоците на мерките и ја поедноставува проценката. Кога референтните цени не се достапни, или не можат да се обезбедат, може да се користи експертска проценка - на пример, од буџетските службеници во ресорното министерство одговорно за имплементација, или во секторот за буџет во Министерството за финансии. Трошоците за инпутите треба да се пресметаат користејќи ги категориите на трошоци дефинирани со Водичот за ПЕР, додека вкупните трошоци за активноста треба да се внесат во табелата за пресметка на трошоци со пристапот оддолу-нагоре, како што е прикажано погоре.

Некои потешкотии и ограничувања кои најчесто се среќаваат кај пристапот оддолу-нагоре кон трошоците се:

1. **Ресорните министерства можеби не можат да ја специфицираат мерката и нејзините активности во однос на изразените резултати, или можеби не можат прецизно да ги идентификуваат потребните инпути.** Ова доведува до неизвесност околу реалноста на проценетите трошоци. Во овој случај поддршката од службениците со повеќе искуство во креирањето на политиките и трошоците, на пример од канцеларијата на координаторот на ПЕР или од секторот за буџет во Министерството за финансии, може да биде многу корисна. Мерките што и понатаму се нејасно опишани и се специфицирани само во општи услови, во принцип, не треба да бидат приоритетизирани за ПЕР.
2. **Кога трошоците се извршуваат целосно и врз основа на амбициозен план на активности, може да се случи средствата што моментално се достапни од буџетски и други извори да не бидат доволни.** Под претпоставка дека мерките за ПЕР се од висок приоритет за владата, прво најдобро решение во ваков случај е да се направат напори за обезбедување дополнителни средства, на пример, преку намалување на расходите за политики или програми со понизок приоритет. Кога ова не може да се направи, или не може во потребниот обем, опсегот на активности за мерката треба да се прилагодат на расположливите средства.
3. **Некои мерки или активности може да содржат претходно дефинирани буџети.** Ова е најчесто случај кога поголемиот дел од финансирањето потекнува од фиксна меѓународна донација или заем или кога средствата за одредена политика веќе се распределени со среднорочен буџетски документ што не може лесно да се измени. Во такви случаи, трошоците од пристапот оддолу-нагоре ефективно се заменуваат со распределбата на средствата одгоре-надолу или, со други зборови, клучното прашање станува колку може да се постигне со расположивите средства (наместо колку средства се потребни за спроведување на однапред дефинирана мерка). Сепак, исто така, во вакви случаи, добрата практика на креирање политики бара од ресорното министерство да планираат активности и резултати кои ќе се постигнат со расположивите средства.

Како заклучок, треба да се нагласи дека персоналот вклучен во процесот на пресметка на трошоците во ресорните министерства треба да има доволно техничко знаење за природата на планираните активности и за нивните веројатни трошоци. За да се постигне ова потребна е тесна соработка помеѓу службениците од одделенијата за политика и буџетскиот оддел (или генералниот секретаријат) во рамките на ресорното министерство, додека координаторот на ПЕР и секторот за буџет на Министерството за финансии треба да обезбедат поддршка и да го обезбедат квалитетот на процесот на пресметка на трошоците.

Анекс 4:
Реално планирање на расположливите средства

Во Водичот за ПЕР, за пополнување на Табела 10б се нагласува дека треба да се внесат само средствата кои „реално ќе бидат обезбедени“. Ова го поставува прашањето за попрецизно појаснување на терминот „реално обезбедени“, со цел да се намали субјективноста и разликите во пристапот низ мерките. Овој Анекс обезбедува листа на пробни критериуми за секој извор на финансирање.

Централен буџет: За годината X (тековната година), само средствата доделени во официјално одобрениот буџет за годината X треба да се вклучат во табелата. За годините X + 1 и X + 2, само средствата што се во согласност со важечкиот официјален документ за среднорочно планирање на расходите треба да бидат внесени во табелата. Најдобра практика е да се проверат и потврдат записите за буџетското финансирање од буџетскиот оддел на Министерството за финансии.

Локални буџети: За годината X (тековната година), само средствата доделени во официјално одобрениот општински буџет за годината X треба да се вклучат во табелата. Исклучок од ова може да се направи кога локалните буџети сеуште не се одобрени, но активностите на мерката ќе се финансираат директно од донација обезбедена од централниот буџет. За годините X + 1 и X + 2, во табелата треба да бидат внесени само средствата што се во согласност со важечкиот официјален среднорочен план за планирање на расходите на национално ниво. Најдобра практика е да се проверат и потврдат записите за локално финансирање од под-националните буџети во буџетскиот оддел на Министерството за финансии.

Други национални извори на јавни финансии: Во табелата треба да бидат вклучени само средствата доделени за финансирање на мерката во официјално одобрениот финансиски план на институцијата од којашто се очекува да обезбеди финансирање. Кога таквите финансиски планови не ги опфаќаат годините X + 1 и X + 2, зголемувањата на финансирањето од овој извор во споредба со годината X не треба да бидат вклучени во табелата.

ИПА фондови: Само средствата од веќе постоечките ИПА проекти треба да се планираат во табелата. Исклучоци можат да се направат за проекти кои се во блиска фаза до почетокот на спроведувањето (на пр. во тендерската постапка) или кога во официјално одобрен ИПА плански документ строго се одредува дека ќе се обезбедат средства за спроведување на мерката. Во овие исклучителни случаи, планираните средства за годината X треба да се распределат помеѓу годините X и X + 1 заради

можни доцнења во процедурите за финансирање. Најдобра пракса е да се проверат записите за меѓународно финансирање од страна на владината единица одговорна за координација на меѓународна финансиска помош.

Други донации: Во табелата треба да се планираат само средства од веќе одобрени и доделени донации. Исклучоци може да се направат за донации кои се во тек, блиску до одобрување (на пример, веќе постои нацрт договор одобрен од двете страни). Во овие исклучителни случаи, планираните средства за годината X треба да се распределат помеѓу година X и година X + 1 заради можни доцнења во процедурите за финансирање. Најдобра практика е да се проверат записите за меѓународно финансирање од страна на владината единица одговорна за координација на меѓународната финансиска помош.

Проектни заеми: Во табелата треба да се планираат само средства од веќе одобрени заеми. Исклучоци може да се направат за заеми кои се во тек, блиску до одобрување (на пример, веќе постои нацрт договор одобрен од двете страни). Во овие исклучителни случаи, планираните средства за годината X треба подеднакво да се распределуваат помеѓу годините X и X + 1 заради можни одложувања во постапките за финансирање. Најдобра практика е да се проверат записите за меѓународно финансирање од страна на владината единица одговорна за координација на меѓународната финансиска помош.

Дополнително да се одреди: Оваа колона ја вклучува разликата помеѓу вкупните трошоци на мерката (во Табела 10а) и збирот на расположливи средства внесени во првите шест колони од Табела 10б во согласност со горенаведените правила. Минималниот услов за вклучување на средствата во колоната е да се утврди дека надлежното министерство има реален план за обезбедување на овие средства во блиска иднина (на пример, да предложи мерка за следните плански документи за ИПА или да пристапи кон одреден меѓународен донатор или заемодавач, или да прераспределат буџетски средства од други буџетски категории). Кога не постојат планови за тоа како да се обезбеди финансирањето кое во моментот недостасува, обемот на мерката треба да се прилагоди да одговара на реалните достапни финансиски средства.

Фусноти: Во сите случаи каде што постои некаква несигурност во обезбедувањето на финансиите (на пример, во исклучителни случаи споменати погоре и за колоната „дополнително да се одреди“), оваа неизвесност треба да се објасни во фуснота за табела 10б, како и во описот на мерката во Поглавје II во делот за ризиците од имплементацијата.

Анекс 5:
Трошоци за структурни реформи - студии на случаи

Пресметајте ги и забележете ги подолу опишаните ефекти на структурните реформи во согласност со горенаведената методологија и ПЕР табелите 10а и 10б.

СТУДИЈА НА СЛУЧАЈОТ #1А- Воведување на даночни регистри

ОПИС НА СЛУЧАЈОТ

Во годината X-1 е донесен Законот за воведување на даночен регистар, стапувајќи во сила во X година. Владата претпоставува дека 10.000 фирми ќе пријават даночни книги во X година и ќе додели на секој бизнис 500 евра *даночни олеснувања* за оваа намена. Владата понатаму претпоставува дека ДДВ ќе се зголеми за 75 милиони евра годишно, како последица на воведувањето на оваа мерка, со една третина од ефектот забележан во X година и целосниот ефект забележан во годината X + 1. Потребниот софтвер веќе беше развиен и платен во годината X-1, додека нема дополнителни вработувања или други трошоци потребни за спроведување на мерката.

ПРЕСМЕТКА

X:	-5 милиони даночни олеснувања (еднократни) + 25 милиони дополнителни приходи = нето +20 милиони
X+1:	75 милиони
X+2:	75 милиони

ВАЖНО! Сите резултати треба да бидат забележани во фуснота на табелата, бидејќи тие влијаат само на приходите.

ОДГОВОР

Табела 10а (нули)

Година	Плати	Стоки и услуги	Субвенции и трансфери	Капитални расходи	Вкупно
Година X	0	0	0	0	0
Година X + 1	0	0	0	0	0
Година X + 2	0	0	0	0	0

Фуснота за табелата 10а: Ефектите од реформата изнесуваат 20 милиони дополнителни приходи во Хгодина, 75 милиони дополнителни приходи во годината X + 1 и 75 милиони дополнителни приходи во годината X + 2.

СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ #1Б - Воведување на даночни регистри

ОПИС НА СЛУЧАЈОТ

Во годината X-1 се донесува Законот за спроведување на даночните регистри, стапувајќи во сила во годината X. Владата претпоставува дека 10.000 фирми ќе стекнат даночни регистри во годината X и на секој бизнис ќе му додели 500 евра *субвенции* за оваа намена. Владата понатаму претпоставува дека ДДВ-то ќе се зголеми за 75 милиони евра годишно, како последица на воведувањето на даночни пријави, со една третина од ефектот забележан во годината X и целосниот ефект забележан во годината X + 1. Потребниот софтвер веќе беше развиен и платен во годината X-1, додека нема дополнителни вработувања или други трошоци потребни за спроведување на мерката.

ПРЕСМЕТКА

X:	-5 милиони субвенции (еднократно) + 25 милиони дополнителни приходи = нето +20 милиони
X+1:	75 милиони
X+2:	75 милиони

ВАЖНО! Само 5 милиони субвенции треба да се евидентираат во табелата во X година (субвенции и трансфери, централен буџет). Сите други резултати треба да се вклучат во фуснота, бидејќи тие влијаат само на приходите.

ОДГОВОР

Табела 10а (нули)

Година	Плати	Стоки и услуги	Субвенции и трансфери	Капитални расходи	Вкупно
Година X	0	0	5.000.000	0	5.000.000
Година X + 1	0	0	0	0	0
Година X + 2	0	0	0	0	0

Фуснота за табелата 10а: Резултатите од реформата изнесуваат 20 милиони дополнителни приходи во X-година, 75 милиони дополнителни приходи во годината X + 1 и 75 милиони дополнителни приходи во годината X + 2.

Табела 10б

Година	Централен буџет	Локален буџет	Други извори на национални и јавни финансии	ИПА фондови	Други донации	Заеми за проекти	Дополнително да се одреди	Вкупно
Година X	5.000.000	0	0	0	0	0	0	5.000.000
Година X + 1	0	0	0	0	0	0	0	0
Година X + 2	0	0	0	0	0	0	0	0

ЗАБЕЛЕШКИ

СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ #2 - Скратување на периодот на надоместок поради невработеност

ОПИС НА СЛУЧАЈОТ

Во моментов, работниците имаат право да добијат платен надоместок (ПН) во случај на невработеност за 24 месеци. Годишните трошоци за ПН се 100 милиони, од кои половина им се припишува на долгорочно невработените (24 месеци), а другата половина на краткорочно невработените. Реформата усвоена во X-1 го скратува ПН периодот на 18 месеци, почнувајќи од X.

ПРЕСМЕТКА

X: нема промени бидејќи сите долгорочно невработени се водат според „стари“ права за 24 месеци

X+1: со ист број на невработени, „краткорочно невработените“ ги имаат истите права (не се засегнати од реформата), додека долгорочниот платен надоместок е скратен од 24 на 18 месеци, така што годишните трошоци за оваа група не се 50 милиони, туку 37,5 милиони. Сепак, во X + 1, се уште има некои (претпоставуваме половина) долгорочни невработени со „стари права“ од времетраење 24 месеци, така што *штедењето во оваа година изнесува 6,25 милиони* (6,25 милиони во X + 1, субвенции и трансфери)

X+2: целосен ефект на реформата, 12,5 милиони заштеди (субвенции и трансфери)

ОДГОВОР

Табела 10а

Година	Плати	Стоки и услуги	Субвенции и трансфери	Капитални расходи	Вкупно
Година X	0	0	0	0	0
Година X + 1	0	0	-6.250.000	0	-6.250.000
Година X + 2	0	0	-12.500.000	0	-12.500.000

Табела 10б

Година	Централен буџет	Локален буџет	Други извори на национални и јавни финансии	ИПА фондови	Други донации	Заеми за проекти	Дополнително да се одреди	Вкупно
Година X	0	0	0	0	0	0	0	0
Година X + 1	-6.250.000	0	0	0	0	0	0	-6.250.000
Година X + 2	-12.500.000	0	0	0	0	0	0	- 12.500.000

СТУДИЈА ЗА СЛУЧАЈ # 2 - Скратување на периодот на платениот надоместок - дополнување

ОПИС НА СЛУЧАЈ

Во моментов, работниците имаат право да примаат паричен надоместок (ПН) во случај на невработеност за 24 месеци. Годишните трошоци за ПН се 100 милиони, од кои половина им се припишува на долгорочно невработените (24 месеци), а другата половина на краткорочно невработените. Реформата усвоена во X-1 го скратува периодот на ПН до 18 месеци, почнувајќи од X.

ПРЕСМЕТКА

X:	нема промена
X+1:	заштеда на 6.25 милиони
X+2:	целосен ефект на реформата, -12.5 милиони

Забелешка: Што се случува со невработените во овој случај, дали тие ќе останат без надоместок?

- Некои од нив имаат право на социјални трансфери
- Трошоци за социјални трансфери
- Второ користење на реформата, не се забележува во табелите

СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ # 3 - Зголемување на учеството на жените на пазарот на трудот

ОПИС НА СЛУЧАЈОТ

Стапката на невработеност на жените е критична и затоа владата воведува реформи за зголемување на учеството на жените на пазарот на трудот. За две години, владата ќе понуди образование и развој на вештини во образовниот систем. Во наредните две години владата ќе го субвенционира вработувањето на новообразованите жени (фирмите кои вработуваат претходно неактивни жени ќе добијат субвенција под услов овие жени да останат вработени уште најмалку две години по субвенционираниот период). *Во сите овие години,* исто така, ќе биде обезбедено дополнително и субвенционирано дневно детско згрижување за учесничките.

ПРЕСМЕТКА

Години X, X + 1:	образование, развој на вештини, трошок од 100 милиони годишно (80 милиони евра за платите на наставниците, 20 милиони за добра и услуги, образовни материјали)
Години X + 2, X + 3:	субвенции за фирми кои вработуваат претходно неактивни жени, 50 милиони годишно (субвенции и трансфери), истовремено намалување на социјалните трансфери на овие жени, заштеда на 20 милиони годишно (субвенции и трансфери)

Секоја од годините X до X + 5: дополнителни трошоци за субвенционирање на дневна детска грижа, 20 милиони годишно

X	120 милиони дополнителни трошоци (100 милиони на образование + 20 милиони евра дневна нега)
X+1	120 милиони дополнителни трошоци (100 милиони на образование + 20 милиони евра дневна нега)
X+2	50 милиони дополнителни трошоци (50 милиони за субвенција на фирми + 20 милиони евра дневна нега - 20 милиони за социјални трансфери, додека ќе има дополнителен ПДД, ДДВ и социјални придонеси поради зголемено вработување и повисока потрошувачка - ефект од втор ред)
X+3	50 milyon ilave maliyet (50 milyon firmalara verilecek sübvansiyon desteği +20 milyon çocuk bakım masrafı -20 milyon sosyal transferler, istihdamın ve tüketi-min artacağı düşünülerek gelir vergisi, KDV ve sosyal güvenlik primi toplanaca-ğı düşünülmektedir – ikinci derece etki)

X+4 и X+5	0 (20 милиони за дневна нега - 20 милиони за социјални трансфери, додека дополнителни ПДД и социјални придонеси поради повисока вработеност - ефект од втор ред)

ОДГОВОР

Табела 10а од ПЕР за годината X

Година	Плати	Стоки и услуги	Субвенции и трансфери	Капитални расходи	Вкупно
Година X	80.000.000	20.000.000	20.000.000	0	120.000.000
Година X + 1	80.000.000	20.000.000	20.000.000	0	120.000.000
Година X + 2	0	0	50.000.000	0	50.000.000

Табела 10а од ПЕР за годината X+1

Година	Плати	Стоки и услуги	Субвенции и трансфери	Капитални расходи	Вкупно
Година X	80.000.000	20.000.000	20.000.000	0	120.000.000
Година X + 1	0	0	50.000.000	0	50.000.000
Година X + 2	0	0	50.000.000	0	50.000.000

Табела 10а во/за ЕРП за годината X+2

Година	Плати	Стоки и услуги	Субвенции и трансфери	Капитални расходи	Вкупно
Година X	0	0	50.000.000	0	50.000.000
Година X + 1	0	0	50.000.000	0	50.000.000
Година X + 2	0	0	0	0	0

Запомнете дека времетраењето на реформата е ограничено. Ако е успешна, владата може одлучи да вклучи дополнително жени во образованието во X + 2 година, но тоа веќе нема да се смета за реформа. Реформата е воведување на нова мерка, со продолжување да се користи истата, не преставува повеќе реформа.

ЗАБЕЛЕШКИ

ЗАБЕЛЕШКИ

Објавено од: Центар за извонредност во финансиите
Уредник на продукција:
Преведувач: Јасминка Митковска
Дизајн: Соња Ержан
Печатење: Тискарна Јануш

Јули 2019 година

© Центар за извонредност во финансиите

За ЦЕФ

Ние сме водечки регионален центар за знаење лоциран во Љубљана, Словенија. Од 2001 година, ЦЕФ го поддржува развојот на капацитетите за финансиските службеници во Југоисточна Европа преку едукација. Ние ја комбинираме темелната експертиза со детално познавање на земјите од регионот за да ги покриеме тематските области на јавното финансиско управување, даночната политика и администрацијата, централното банкарство и меѓусекторските области на податоци и анализи за дизајнирање политики и лидерство за управување со реформите.

Line Ministries Portal

Придружете им се на вашите колеги на порталот за ресорни министерства и разменувајте знаења:

www.lineministries.org

Center of Excellence in Finance

www.cef-see.org

Cankarjeva 18 | 1000 Љубљана | Словенија | +386 1 369 6190 | info@cef-see.org